**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Деведесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 јануари 2008 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,04 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија, господин Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да повелат да влезат во салата, да ги завземат своите места за да можеме да започнуваме со седницата.

Ги повикувам пратениците кои сеуште не влегле во салата да повелат да влезат во салата за да можеме да започнеме со работа.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Ги молам службите да достават точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Ги молам пратениците сите да седнат на своите места.

Продолжуваме со работа по Деведесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Петар Поп Арсов, Јован Манасиевски, Фијат Цаноски, Љубисав Иванов Ѕинго, Гоце Марковски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Фадил Сулејмани, Али Ахмети, Фазли Велију, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Никола Рилковски, Илинка Митрева, Надица Танчева Туриева, Горан Мисовски, Агим Рамадани и Тито Петковски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 59, воздржани нема, против 1 пратеник.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предложениот денвен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници и сите 58 гласале за.

Констатирам дека е усвеон предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.**

Предлогот на одлуката и Извештајот на Комисијата за одбрана и безбедност ви се поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Има збор господинот министер за одбрана.

Повелете господине министре.

**Лазар Еленовски:** Благодарам претседателе.

Станува збор за дополнување на Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.

Знаете дека ние учествуваме со медицински капацитет, медицински придонес во Мисијата на Европската унија, Алтеја.

Во конкретниот предлог станува збор за еден припадник на вооружените сили за испраќање дополнително на учте еден припадник во командата на Еуфор на позицијата подофицер на одреден тим на медицина, сметано од јануари во наредните 6 месеци.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор.

За збор се јави господинот Есад Рахиќ.

Повелете господине Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Благодарам претседателе.

Почитуван министер, почитувани колги пратеници,

Јас сум еден од пратениците што минатата недела не учествуваше во гласањето за оваа точка, ја знаете причината,немање извештај за она што Армијата односно Министерството за одбрана го сработило во претходниот период.

Јас денеска ќе гласам за затоа што вчера имавме седница на Комисијата на која што конечно се појави министерот за одбрана, на шега или навистина, значи шиндерот му е добар и очекувам дека и понатаму кога ќе имаме вакви седници за праќање на војници во мировни мисии особено кога се врши ротација, очекувам навремено Комисијата за безбедност и одбрана да ги добива инфорамциите и согласно Законот за одбрана, член 17, каде што вели дека извештај по актите наведени во точка 10 на овој член поднесува Владата по барање на Собранието најмалку на две години и дека ќе имаме и на ова Собрание извештај за реформите и за учеството во мировните мисии.

Се надевам дека овој министер ќе имаме прилика да го видиме, иако јас лично очекувам по настаните што се случуваа во последно време во Министерството за одбрана, еве вчера има оставка на државниот секретар поради

фалсификат, несоработката со Генерал штабот, аферите во логистиката и во разузнавачкиот сектор, очекувам да си даде остафка, меѓутоа тоа е негов личен чин.

Јас овој пат ќе гласам за испраќање на едно дополнително лице за учество во мировната мисија Алтеја. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине претседателе, почитуван господине министер, почитувани колеги пратеници,

Јас ќе гласам за оваа точка и за следната која што е денеска на дневен ред, но сакам да укажам неколку работи до министерот за одбрана и до претставниците на Министерството за одбрана.

Одбраната на една држава е сериозна работа и учеството во НАТО силите како партнер сметам исто така дека е сериозна работа, а последните настани со случувањето со хелихоптерот и со таа трагедија покажаа дека не можеби до крај доволно сериозно ги сфаќаме и можеби приоѓаме шематски за овие сериозни работи.

Имено, на што сакам да укажам.

Мислам дека треба да се води сметка за неколку аспекти.

Прво, овие седници треба да се закажуваат и да си одат понавреме и низ една нормална процедура. Сите ние имаме консензус во Македонија за прашањата за нашето учество во НАТО силите и за нашето влегување во НАТО. Значи, кога веќе нема политички проблем во оваа смисла, политички неупатно е да ги носиме набрзина и да предизвикуваме состојби во кои што, еве како денеска опозицијата не учествува во ова гласање. На овој начин можеби ќе се испрати една неубава порака, или нејасна порака до нашите партнери во НАТО што сакаме или што не сакаме во иднина да правиме во поглед на овие прашања.

Значи, замолница да се  организириаат и овие предлози да се доставуваат до Собранието навреме, во нормална процедура.

Втора работа, што сметам дека е важна да се стори е да се направи еден преглед на нашата стратегија за одбрамбените сили и да се види од кои единици колку специјалисти имаме и колку вистински ни требаат и за одбрана на земјата, меѓутоа и за учество на нашите сили во разни специјални единици и во мировни мисии ширум светот, затоа што според она што се покажа последниве денови во јавноста излегува дека од одредени специјализирани области имаме каде 2,5 или 3,5 специјалисти и во недај Боже несреќа како што не снајде може да останме или без специјалисти или во состојба да не можеме да одговориме на одбрана на земја, или да не можеме да одговориме на она што се бара од нас како партнер во НАТО. Затоа мислам дека треба сериозно да се направи еден преглед на нашата стратегија и силината на нашите одбрамбени сили по разни специјализирани единици и да се димензионираме реално.

Друг аспект на ова прашање е што треба реално да видиме колку луѓе можеме од одредени специјализирани единици да праќаме во исто време да бидат отсутни од земјата, а да бидат учесници во мировни мисии, затоа што мора да водиме сметка во секој момент и за покриеност на Република Македонија, затоа што одбраната мора да води сметка најпрво за одбраната на земјата.

И уште еден аспект кој што не е помалку важен.

Мислам дека треба да се направи сериозна ревизија на нашиот став во однос на обезбедувањето на нашите претставници во мировните мисии насекаде по светот. Она што до сега се прави очигледно не е доволно и не е доволно сериозно направено.

Треба да видиме што значи осигурување на секој војник, осигурување на нивните семејства, што значи во случај на повреда, во случај на недај Боже смрт, што значи тоа, како ќе продолжат понатаму да живеат ранетите војници, или пак семејствата кои што ќе останат без својот хранител.

Затоа мислам дека последната трагедија не треба да се искористува за никакви меѓусебни пресметки, туку за да се соземеме, да бидеме посериозни во тој поглед и да ги обезбедиме нашите сили достојно, онака како што прилега. Да направиме сопредба што се прави во другите држави, што прават нашите партнери во другите земји и според нашите можности, но според реалните потреби да се димензионираме и да ги обезбедиме нашите претставници.

Притоа мислам дека треба и на нашите апртнери од НАТО да им укажеме дека нашите војници бидејки се извонредно одговорни, извонредно исполнителни, бидејки се носители на безброј пофалби и награди од сите акции каде што до сега учествуваме треба и заслужуваат да имаат подеднаков достоинствен однос како и претставниците на било која друга сила во НАТО, што значи она што им следува од страна на централата на НАТО на едни војници треба да им следува и на нашите.

Но, за ова да се договори тоа е работа на политика, тоа е работа на Министерството за одбрана и јас најдобронамерно сакам овие укажувања да ги упатам до министерот за одбрана.

Се надевам дека во иднина ќе бидеме поспремни, поорганизирани за секакви состојби, посериозно ќе се сфати командната одговорнсот и на нашите служби овде и на нашите одлуки кои што ги носиме во крајна линија и политички и стручни.

На крајот да повторам уште еднаш, јас  го поддржувам и покрај сите овие укажаувања ова испраќање на мировни сили надвор, бидејки ние сме се договориле, нашите партнери очекуваат ние да ги исполниме своите обврски, сметаат на овие луѓе и на нашето учество и мислам дека

треба да бидеме во тој поглед сериозни. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор минситерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** На неколку работи би сакал да коментирам на укажувањето на пратеникот Поповска.

Најпрво, во истрагата повторно повикувам да не навлегуваме, или билокако да се насочува бидјеки истрагата си е истрага и ние сеуште нема да ја коментираме.

Околу обуката на нашите мисии. Обуките на сите наши мисии се неколку месечни. Можеби е малку проблем со тоа што иамме понекогаш итни одлуки на Влада или на Парламент, меѓутоа во рамките на Министерството и Армијата откако ќе се определат луѓето кои што ќе бидат пратенив о мисија, тоа е неколку месеци пред започнувањето на мисијата они започнуваат една целосна повеќемесечна обука, така да самите мисии апсолутнос е обучени за тоа што треба д аго прават во мировните мисии во нивната зона на одговорнсот.

Понатаму, околу придонесот на Република Македонија во мировни мисии ние зборувавме сепак за еден реален придонес кој што оваа држава може да го подржува и да го развива. Зборуваме за придонес вкупно 250 припадници во сите мировни мисии. Само да потсетам дека најпрво барањата и стандардите на алијансата, посебно по Самитот во Рига се подигнати сите, значи и за Република Македонија имајки предвид дека очекуваме да станеме земја членка. Стандардите кажуваат дека секоја држава треба да има декларирано 40% во наредниот период од нејзините копнени сили, што е навистина една поголема бројка, а 8% од нејзините копнени сили да бидат распоредливи во моментот. Тоа во македонски услови префрлено значи дека до колку сакаме да ги исполниме стандардите на Рига, а тоа ние сакаме и со нашиот долгорочен план, вчера имавме навистина добра дискусија и дебата на самата Комисија, многу информации и како што се договоривме со едно такво темпо ќе продолжиме и понатаму. 8% од македонските копнени сили значи околу 600 луѓе. Тоа е токму онаа бројка која што ние како деклариран баталјон веќе го подготвуваме за почетокот на 2010 година, бидјеки е една од клучните партнерски цели на Република Македонија од декларирањето на моторизиран пешадиски баталјон. Така да моментално со 250 и тоа како можеме и се покажува дека можеме да го даваме придонесот од една страна, а од друга страна да не го загрозуваме степенот на безбедност во нашата држава.

Исто така во поглед на мировните мисии морам само неколку факти да истакнам.

За последната година платите на мировниците се подигнати помеѓу 25 и 30%. Осигурувањето е подигнато помеѓу 65 и 80%, а кога станува збор за трагичната несреќа сакам да истакнам, бидејки е информиран аи Владата и Парламентот, ако се бара поподробна информација од Министерството за одбрана имаме постојано секојдневна комуникација со фамилиите. Разговаравме за сето тоа што им треба во овој најтежок момент на почетокот по настанувањето на трагедијата и едноставно нашата обврска продолжува и понатаму, ние ги сметаме нормално како дел од нашата фамилија и грижата ќе биде како таква. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министер.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, за гласале сите 58.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР Алтеја.

**Минуваме на точката 2 - Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан.**

Предлогот на одлуката и Извештајот на Комисијата за одбрана и безбедност ви се поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Има збор господинот министер за одбрана.

**Лазар Еленовски:** Благодарам претседателе.

Станува збор за стандардна ротација на нашиот медицински тим во рамките на мисијата во Авганистан.

Знаете дека неи заедно со нашите партнери од Јадранската група Албанија и Хрватска имаме заеднички тим кој што моментално е во рамките на Чешката болница. Значи упатуваме четворица припадници на вооружените сили за продолжување на нашата контрибуција во поглед на мисијата Исав.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Благодарам претседателе, колеги пратеници, почитуван минситер.

Неколку збор аи за оваа точка.

Сметам дека Владата малку е контрадикторна со оглед на тоа дека праќаме квлаитетни медицински тимови во Авганистан и во Босна и Херцеговина, а од друга страна сакаме со мерки да ја уништиме буквално воената болница и да се лишиме од военото здравство. Во тој сегмент министре до колку останете министер очекувам на седници на Влада да го браните ставот дека Војната болница треба да остане таква како што

е, особено затоа што од 2 април јас сум сигурен и се надевам дека ние ќе ја имаме и поканата за полноправно членство во НАТО.

Ќе гласам за оваа точка затоа што сметам дека луѓето што се во Авганистан треба да се вратат навреме. Ако не гласаме ќе се случи како и претходнио тпат, овие несреќници што беа во Сараево поради доцнење 5 дена, да не доцнат и останатите и да се комплетира нашата мисија во Авганистан.

И уште една работа.

Министре во право сте, имаше добра дискусија на вчерашната седница на Комисија, но немаше добар заклучок. Мене ако ме рпашувате заклучокот треба да значи министре оди си поради лошото менаџирање. И министерот а и Лилјана Стериоска која штопоради фалсификат се повлече, си ја поднесе остафката, очекувам вие и вашиот тим час поскоро да си заминете од Министерството за одбрана. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот министер за одбрана Лазар Еленовски.

**Лазар Еленовски:** Изгледа не сме се разбрале од минатата седница.

Ало има одредени дилеми кај пратеникот има законска процедура како се постапува, или желби кај пратеникот.

Само ќе коментирам, бидејки исто така вчера зборувавме за Војната болница, пратеникот спомна уништување на Војната болница, во ни еден момент не спомнавме дека ќе има било какво уништување на Војната болница. Напротив зборувавме дека ние ќе продолжиме да ги градиме здравствените капацитети и тоа ќе продолжиме да ги градиме на еден трансформиран и оптимален начин кога станува збор за воено здравствениот концепт на Министерството за одбрана, имајки во предвид дека од 1.01.2008 година Воената болница прејде под Министерството за одбрана, така како што било договорено со стратешкиот одбрамбен преглед.

Така да апсолутно не е точно и е чиста шпекулација ова што се истакнува. Мене ме изненадува, бидејки вчера подолго време разговаравме и за ова прашање во кое што ние го објаснивме нашиот концепт, да се повторува сега тука на Собрание може само наедноставно да кажам дека служи само за маркетиншки цели.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Есад Рахиќ, реплика ли барате? (Да).

Повелете вашите три минути за реплика.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, јас сум дипломиран правник и во правото и закон се знае што е обврска и право на Парламент, што е обврска и право на министер.

Почитуван министер да се појавувавте на време сигурно немаше ова денеска и на ваков начин да го кажам. Маркетинг е да одите и да се шетате низ Европа и низ светот, а војската со скинати униформи, ренџери да ви кажуваат дека ништо од тоа што сте ветиле не сте направиле.

Што се однесува до Воената болница, да ве потсетам, вие зборувате, меѓутоа министерот за здравство прави тимови за концесија, одредува цени од 5 евра и таа се трансформира. Веројатно вие не знаете што се случува и затоа треба да си одите. Тоа е една работа.

Втора работа, не ме учите што е интерпелација за оставка на министер и барање да си оди. Имате морална обврска по загинување на екипажот на хелихоптерот и тие луѓе таму да се обидете да поднесете оставка, а на премиерот ќе беше дали ќе ја прифати или не.

Бидејќи сакате законска процедура ќе ја имате, само не сум сигурен дека ќе добиете поддршка од тие што ве бирале. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот министер за одбрана има контра реплика, повелете.

**Лазар Еленовски:** За маркетиншки потези посебно кога станува збор за пратеникот Рахиќ доста добро ни е познато. Јас до сега во оваа помалку година ипол бец три пати во Авганистан, два пати во Ирак, дури и во соработка со Комисијата за безбедност и одбрана и Влатко Ѓорчев беше два пати со нас, а за жал последниот пат кога требаше и беше на листа пратеникот Есад Рахиќ да идеме заедно за Авганистан и Ирак, тој се откажа претпоследниот ден бидејки го болело кичма. Така да за маркетиншки потези не би сакал да разговарам воопшто.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Рахиќ вие имавте реплика и контра реплика.

(Есад Рахиќ бара збор)

Повелте, ако барате збор повелете.

**Есад Рахиќ:** Претседателе, да расчистиме некои работи.

Овде се знае кој е газдата.

Овие момци доаѓаат на гости кога ги викаме или кога ги бркаме. Да расчистиме некои работи.

Почитуван министер, драг пријателе Лазе, јас пред цела македонска јавност ќе кажам да, бев повикан и сакав да одам во Авганистан, имав проблеми со кичмата, вие толкувајте го како сакате, веројатно се уплашив вие сте храбар.

Во Хрватска по загинување на 4 војници министерот си даде неотповиклива оставка. Вие сте се венчале со фотељата и страв ни е кога ќе ве смениме ќе ве изнесат со се фотељата. Одете си додека е време да бидете и вие подостоинствен, а и ние како држава како Парламент. Оставете ги парламентарците да си ја вршат својата работа.

Ви пред годинаипол дена, јас имам стенографски белешки не се појавивте. Вие не ја остваривте вашата законска обврска да поднесете извештај што е направено во сферата на одбраната. Вие не зборувате со министерот за одбрана, 15 месеци не ви влегол во канцеларија началникот на Генералштабот иако ве дели само една

секретарка. Вчера се обидувате со ситни штосови да докажете дека не е тоа така. Има докази, има писма во кои што ве информира дека бара средба со вас и на крај се обраќа до премиерот на Република Македонија од кој што бара да му овозможи средба со вас. И се видовте прв пат директно со него по настаните од Катлановско Блаце. Немојте нас парламентарците да не учите што е наша работа.

Да не одиме понатаму, сепак е ова седница на Парламент, јас тука ќе прекинам што и да кажете веќе не одговарам на вас, вашиот одговор треба да биде едноставно оставка, а вие самите одлучете си. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор министерот за одбрана.

**Лазар Еленовски**: Јас можам да го разберам ако пратеникот е нервозен, ама тука треба да зборуваме со аргументи. Не знам колку пати треба да кажаме или да нацртаме дека со началникот имаме секојдневна комуникација, како што иамвме вчера, денеска и како што имавме во минатото, бидејки едноставно не можете да ги бркате, или да се тераат одбрамбените реформи и да бидат на такво ниво какво што ги оценуваат сите и да немате комуникација.

Инаку, може пратеникот да продолжи да шпекулира во јавноста дека не сме се виделе 15 месеци, тоа апсолутно не е точно, исто како што шпекулира за оставката на хрватски министер, а не кажува кога и како е за да  можам да му одговорам точно како било.

Прашањето на оставка е морален чин и личен чин. Ако сака да бара оставка може има законско право за тоа. Станува збор и за приватни и за државни универзитети.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Митановски, барате збор или реплика?

**Веле Митановски:** Реплика.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, па потоа Куновска Јагнула и по ред на пријавување.

Господине Митановски, барете реплика на зборот на Есад Рахиќ или  на излагањето на министерот?

**Веле Митановски:** Толку е јасно за кого барам збор.

**Љубиша Георгиевски:** Значи, вие сакате да добиете реплика на излагањето на господин Рахиќ кој бараше збор и според тоа Митановски има право на реплика.

Повелете, имате три минути.

**Веле Митановски:** Само триесет секунди. Благодарам претседателе.

Јас се разбира не сум експерт како господинот Рахиќ меѓутоа сепак под овие куполи стил на пратеник рекла казала, чув-невидов, некој ми рече, итн, не е достоинствено и навистина го молам колегата и пријател Рахиќ да го подигне малку нишанот на своето парламентарно однесување. Самиот министер му кажа дека моралниот чин е право на оној што ќе го практицира, а не на оној, како во случајот на Рахиќ да се јавува во секоја една прилика да потсетува, да шпекулира, да најавува итн. Мислам дека нека го остави министерот нека си ја работи својата работа, министерот најдобро знае кога и каков чин ќе повлече, а господинот Рахиќ и јас имаме инструмент кој што се вика, како се вика, ние одовде можеме јас и Рахиќ овде интерпелација да побараме за министерот. Јас го повикувам нека ја побара, јас ќе му ја подржам и ќе разговараме, меѓутоа на ваков начин парламентарци да разговараат, навистина е недостоинствено. Благодарам и мислам дека мојот пријател Рахиќ ќе ме разбере што сакам да му кажам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика од една минута има господинот Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, почитуван министре за одбрана, драги колеги пратеници, со почит господине Митановски, драг пријателе Веле.

За да поднесеш морална оставка или од морални и етички причини, треба да имаш морал и етика. Јас мислам дека поетички и поморално ќе беше од ваша страна како политичка партија што го предложивте овој млад министер за одбрана да побарате да поднесе оставка, а не јас. Јас сум параламентарец избран од граѓаните и кој што го сретнал на улица и кажале дека тој и тој не ми се допаѓа како работи или не работи. Апсолутно се сложувам со вас дека има инструмент во Собранието и дека е тоа интерпелација и мое право е, меѓутоа, јас сум бил и се уште сум пријател и другар со господинот министер Еленовски и сметам дека е покоректно и подобро да поднесе оставка. Кога зборуваме за морал и етика, да потсетам, во Јапонија морал и етика за доцнење на воз за една минута си поднесува или се самоубива, не дај боже, не му пожелувам тоа на министерот, оставка, па затоа се таму каде што се. Затоа што, ние сите сме паметни и кога се тепаме викаме други да не бранат, да не остануваме самите затоа сме таму каде што сме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓо Куновска на чие излагање е вашата реплика?

Значи, на господинот Есад Рахиќ.

Повелете вашите три минути.

**Јагнула Куновска:** Наместо достоинствено денеска да ја завршиме работата за која што и го поканивме министерот за одбрана, ние благодарение на колегата Рахиќ навлеговме во една дискусија која што треба да се бори или воопшто не треба да се води по најмалку во овој Парламент. Сакал или не, господинот Рахиќ треба да сфати дека неговите реплики и неговиот говор алудираат на една лична нетрпеливост со министерот. Не сакам ни јас, ни било кој од нас од Парламентот да се потруди да навлегува во сето тоа. Меѓутоа, сега кога сме пред влезот на НАТО, кога чекаме и се бориме на секој начин да се

доврши нашето докажување, за да можеме што полесно да ја исполниме таа наша надеж и желба, ние бараме морална одговорност односно оставка од министерот за одбрана. Тоа понајмалку ни доликува. Моралата одговорност да не држиме предики што е. Ако сака било кој од нас може да бара интерпелација на министерот, а да се повикува дека има морална одговорност или не, тоа е надвор од умот на нас и нашата работа која што треба во Парламент да ја вршиме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, почитуван министер Еленовски, почитувани колеги пратеници.

Јас сум 6-та година парламентарец, почитувана госпоѓо, и 6-та година сум во НАТО-парламентот и многу добро знам што е морал од аспект и на Брисел и на Вашингтон. Таму моралот е за ваква работа да си поднесеш оставка, а не да те бркаат со стапови. Што се однесува до господинот Еленовски и лично понатаму ќе му бидам пријател во оној сегмент каде што сме другари на улица. Ова е Парламент на Република Македонија. Ова се стенограми од 7 или 8 седници каде што барав од него како министер за одбрана да поднесе извештај што е направено во Армијата. Требаше ли да се случи Катлановски Блаце па да дојде вчера и да бараме дури и да бараме дел од седницата затворен, за да ги дознаеме состојбите во Армијата.

Што се однесува до шпекулациите, тоа заборавив да го кажам на претходниот дискутант, има писма во архива во Министерството за одбрана и во Владата, па проверете. Есад Рахиќ никогаш не се служел со шпекулации, ниту ќе се служи, ниту му требал некој дрвен адвокат да го брани кога смета дека треба сам да се одбрани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот министер за одбрана има збор.

**Лазар Еленовски:** Доказ дека се служи пратеникот со шпекулации е вчерашната седница. Само што кажа дека сме барале да зборуваме на затоврена седница на вчерашната Комисија за состојбите во Армијата. Тоа не е точно. Баравме поради истрагата ако се зборува се зборува за несреќата, да зборуваме на затворена седница, така што тоа е чиста шпекулација.
**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Процедурално има господинот Оливер Шамбевски, повелете.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам претседателе.

Би ве замолил навистина да ги опомените сите говорници, почнувајќи од колегите и министерот дека навистина треба да се држиме до точката која што е на дневен ред и која што навистина нема врска со сето ова што денес го зборуваме овде. Ако сакаме да дебатираме по ова по што дебатираме има соодветна процедура, но навистина мислам дека Паламентот кога е закажана една точка, не треба да го замараме со редица други работи кои што не се на дневен ред. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас уште порадикално мислам од вас, но сепак деловнички обврски се деловнички обврски.

Госпоѓо Секуловска, вие баравте збор или реплика?

Реплика на излагањето на господин Есад Рахиќ, повелете вашите три минути.

**Мирјана Секуловска:** Ви благодарам почитуван претседателе на Собранието, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за одбрана, почитуван колега Рахиќ, ве почитувам навистина, меѓутоа вие како член на Комисијата за безбедност и одбрана секако дека повеќе сте информирани за многу активности, но бидејќи денес на оваа седница имаме две точки на дневен ред кои што се од исклучително значење за Република Македонија, бидејќи се однесуваат на исполнувањето на нашите обврски кон НАТО алијансата, јас лично сметам дека денес не требаше вие претенциозно или тенденциозно да се упатувате кон министерот за одбрана и да зборувате за нешто што не е на дневен ред. Од таа причина се јавив сега, не сметам дека е некоја класична реплика, туку сметав дека непримерно е и недолично, неупатно е на оваа седница вие да се однесувате на таков начин кон министерот за одбрана од причина што ние тука требаше да покажеме еднинственост во поглед на Предлог одлуките што ни се доставени од Министерството за одбрана, едногласно да ги изгласаме и да покажеме дека сме подготвени да ги почитуваме и да ги извршуваме нашите обврски кон НАТО алијансата, затоа што сме така речено пред портата за влез во НАТО и Европската унија. од тој аспект гледано сметам дека навистина немаше потреба на таков начин вие на повеќе пати да прејудицирате и да давате на знаење нешто до министерот за одбрана за кое што може да следува нешто, доколку вие сметате во некоја наредна соодветна седница. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Гоподин Есад Рахиќ контра реплика една минута.

**Есад Рахиќ:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитувани министри, повеќе ги има сега.

Заедно со мене ние сме пред портите на НАТО. Треба да отидете на парламентарна седница на НАТО и да видите како дискутираат НАТО парламентарците. Претпоставувам дека оние што беа во Јутон парк видоа како се дискутира и како се размислува. Луѓе, ова е парламентарна демократија. Овде има записници кои ги носам, каде што дозволете, каде што сите единици до сега што се праќани и во АЛТЕА и во Ирак, посебно во НАТО, Авганистан, се гласани едногласно. Јас ќе гласам за ова, меѓутоа мое право е да зборувам она што сакам, затоа што 15 или 17 години некој го убедува овој народ, немојте критична година е и ние сме во блато, во кал. Сметам дека во НАТО многу повеќе ќе ценат една

ваква дискусија каде што отворено зборуваме за проблемите и ги решаваме, отколку ставање глава како ној во песокот. Затоа и понатаму ќе продолжам да укажувам на вакви работи. Инаку, како и досега ќе ја подржам мисијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Адеми вие баравте збор или реплика?

Повелете имате збор.

**Џеват Адеми:** Благодарам претседателе,.

Бев во дилема дали да земам збор или не, затоа што на координацијата што ја имавме како парламентарна група како и секогаш во вакви случаи кога донесуваме одлука за испраќање на мировни мисии на Армијата на Република Македонија, било да е тоа во Босна, Авганистар или Ирак, ние без исклучок, сите сме ги подржувале, сите сме ги гласале, затоа што тоа е проценка дека е дел кој што ние треба да го сносиме, дел од договорот за партнеритет на Македонија со Северноатланската алијанса и е наша инвестиција во зачленувањето, брзото зачленување и посакуваното зачленување во НАТО.

Прашањето на моралната одговорност, прашањето на давањето отказ поради морални мотиви е категорија колку политичка, толку и морална. Два месеци пред самитот во Букурешт, два месеци пред историската одлука, дали ќе се добие покана или не да се повикаме или пак да искористиме како претекст тоа што е трагедија на офицерите и на војниците кои што настрадаа пред неколку дена, не е во интерес на нашата НАТО перспектива. Манефистирајќи подршка на парламентарната група на ДУИ за овие мисии, ценејќи за чудо за сите вас, ценејќи ја работата на министерот за одбрана и позитивните проценки за длабоките реформи кои што се направени во војската и неговите чести патувања во сите жешки зони, Багдат, Кабул, Сараево, во мировните мисии и претставувањето на аспирациите на Македонија за НАТО во Брисел, мислам дека е некоректно во овие моменти кога сите НАТО структури, не само воените, туку и политичките структури го проследуваат нашето однесување, го следат само два месеци пред самитот во Букурешт.

Затоа, објавувајќи ја нашата подршка за оваа одлука, прокламирајќи дека ние ќе гласаме за, апелираме до сите колеги овие прашања одговорностите, евентуалните одговорности, еве евентуалните морали, етики, откази, да ги бараме малку подалеку, отколку кај министерот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Адеми за внесување на овој позитивен тон.

Господин Ружди Матоши побара збор, повелете.

**Ружди Матоши:** Благодарам претседателе.

Јас ќе бидам краток во моето излагање во однос на мировните мисии кои нашава земја ги испрати до денес, а исто така и за овие две посебни мисии нашата парламентарна група, значи, ДПА ги подржува истите во однос на испраќањето на овие мисии, од причина што мотивите и ангажманот на Република Македонија во овие мисии е повеќе од мисија. Ја врзува земјава повеќе со Североатланскиот пакт, ја врзува земјата со Западот, што значи дека ние сите сме се обединиле и мислиме дека оваа врска на нашата држава со Западот е перспектива на оваа земја. Уште еднаш ги подржуваме овие мисии за да ги завршат своите обврски успешно и да се вратат во својата земја, здрави и живи и со сите обврски кои треба да ги извршат. Уште еднаш во име на ДПА ќе гласаме за испраќање на овие мисии.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам господине Матоши за убавите желби за нашите учесници во мисиите.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Чинам дека ова гласање не е валидно, ќе мораме да го повториме, затоа што многу пратеници беа отсутни.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Ги молам службите да дадат точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои се во Собранието, а не влегле во салата, да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, сите 57 гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 99-тата седница на Собранието.

Десет минути пауза за пререгистрација.

(Седницата заврши во 13,04 часот)